ЌОР - ЗБОР
**ФАТМИР БЕСИМИ**



ТУРБО-ФОЛКОТ ЈА ЗАФАТИ ДРЖАВАТА. ЕТЕ, И НИЕ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА ГО ПОДДРЖУВАМЕ ТРЕНДОТ СО АНГАЖИРАЊЕ НА "ТУРБОИНСТИТУТИ".

ЌОР - ЗБОР
**ВЛАДО ЦВЕТАНОВСКИ**



ФИЛМОТ "ТАЈНАТА КНИГА" ОДАМНА ГО СНИМИВМЕ, АМА ГО ДРЖИМЕ ВО ТАЈНОСТ.

## ЛЕЛЕЕЕЕЕ...ЛЕЦ - БОМБИЦИ

- За победите кои ги извојувавте никој не ви е виновен.
- Непријателот вешто се камуфлирал, не се разликува од нас.
- Пушката ми занесува во лево уште од Информбирото.
- Вооружените со знаење, пукаат во празно.
- Во изборната трка победи стартерот. Имаше пиштол.



А, КАДЕ ОДЛЕТАА НАШИТЕ 8 ПРОЦЕНТИ!

## ВИЦОТЕКА

Седнал Трпе да испие кафе во чајџилница во Дебар, по што веднаш му пристапиле двајца.

- Ти за кого си: за ВМРО или за СДСМ, го прашале двајцата непознати.

- За СДСМ сум, по малку размислување одговорил Трпе. Незадоволни од одговорот дебарчаните му удриле ќотек.

Другиот ден Трпе седнал во кафиќ и повторно му пришле двајца со истото прашање.

Трпе овој пат, опаметен од минатиот пат, одговорил:

- Нормално дека сум за ВМРО.

И повторно добил ќотек.

Третиот пат Трпе седнал во слаткарница да касне некоја баклава, му пришол слаткарот и го прашал:

- Каква баклава сакате: грчка или турска?

- Море кога ќе размислам добро, донеси ми боза, одговорил Трпе.

## МАКЕДОН




БРАНКА и МИРО